РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-764/7
25.07.2025 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

**Записник**
**за спроведување на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор(„Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.102/19 и „Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор„ („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.238/19 и 167/21„)со почеток во 10 часот, во службените простории на Општина Пробиштип,пред комисијата за полагање на практичниот дел од испит за општински градежен инспектор се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор во состав:

1. Зоран Наумовски, Советник - Комунален инспектор во Одделението за инспекциски работи во Општина Пробиштип,
2. Славчо Николов - Советник –Инспектор за животна средина во Одделението за инспекциски работи во Општина Пробиштип
3. Борче Везенков, Раководител во Одделение за друг вид на надзор од надлежност на Општина Штип.
4. Влатко Серафимов, номиниран член од инспекцискиот совет.

Кандидатот за полагање на практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за општински градежен инспектор е Наталија Палова Чанов на работно место Советник градежен инспектор во Одделението за инспекциски работи при Општина Пробиштип.
Испитот се спроведе согласно член 8 од „Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор„ при што кандидатот за градежен инспектор Наталија Палова Чанов изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка,спроведување на инспекциски надзор со изготвени акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.
Од презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Наталија Палова Чанов за ниво В-1 Советник инспектор, комисијата за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор ги утврди следните бодови:
- Планирање и подготовка на инспекцискиот надзор - 15 бодови,
- Спроведување на инспекцискиот надзор - 30 бодови,
- Затворање на инспекцискиот надзор - 30 бодови и
- Документирање на инспекцискиот надзор - 15 бодови.

Комисијата за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор констатира дека кандидатот за инспектор Наталија Палова Чанов за ниво В-1 Советник инспектор, освои вкупно 90 бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел за стекнување со лиценца за инспектор.
Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше со почеток од 10 часот а заврши во 12 часот на ден 25.07.2025 година.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

Комисијата за полагање на практичен дел од испитот:

1. Зоран Наумовски,
2. Славчо Николов
3. Борче Везенков
4. Влатко Серафимов